# Современи тенденции во наставата по латински јазик

Весна Димовска
Институт за класични јазици
Философски факултет – Скопје
vdimov@ukim.edu.mk

*Клучни зборови: дидактика, латински јазик, педагошки методи, информатичка технологија*

Во последно време иновирањето на курсевите по класичните јазици, а особено на латинскиот, е предмет на конференции, семинари, работилници, проекти, одделни студии, книги, написи во списанија и сл. каде што наставници и специјалисти од различни средини ги споделуваат своите мислења и нудат можни одговори на многубројните прашања врзани за оваа тема и за приспособувањето на наставата на барањата на новото време и современите дидактички тенденции. [1]

Генерално, би можеле да се препознаат неколку правци во кои се движат размислувањата и во кои се бараат решенијата на проблемите: некои колеги сметаат дека осовременувањето на наставата по латински јазик може да се постигне преку примена на нови педагошки стратегии, техники и средства, други излезот го гледаат во концепирање на курсеви кои во голема мерка се потпираат врз употребата на информатичката технологија и сî што таа подразбира (интернет, софтвер .... ), а трети пак препорачуваат комбинирање на педагошките и технолошките иновации.

I Неспорно е дека е можно некои од целите да се постигнат со менување на педагошкиот пристап. Евидентен е консензусот околу тоа дека курсевите кои се состоеја главно од граматика (grammar-based courses) треба да се заменат со курсеви кои *се засноваат на изучување на јазикот преку читање текстови* (*story/text-based courses*). Ваквиот начин на изучување на јазикот овозможува совладување на лексиката, граматиката и концептуалните особености (conceptual features) на латинскиот јазик, но и негово осознавање во еден поширок контекст, овозможува едновремено да се посвети поголемо внимание на цивилизацијата создадена од самите Римјани, на нивната литература, уметност, историја, право и политички институции. При тоа студентите можат сами да ги откриваат трагите на класичното јазично, книжевно и воопшто културно наследство во своето опкружување (и тоа во сé-Европски рамки) и да посведочат за нераскинливите врски на антиката со современоста. Во изучувањето на латинскиот за тоа секако е најподатно компарирањето на латинската лексика со лексиката на современите јазици кои се говороат на европскиот континент. Оваа податност може да биде толку заводлива, што некои наставници одат дотаму што се ориентираат речиси исклучиво кон јакнење на лексичките компетенции на студентите,

значи ги пренагласуваат лексичките компоненти на јазикот и се потпираат исклучиво на *лексичкиот пристап* (*lexical approach*).

Што се однесува до техниките и современите методи, постои тенденција во наставата по латински јазик да се применуваат *истите техники и методи кои се применуваат при изучувањето на современите, говорни јазици*. Уште повеќе, постојат обиди и латинскиот да се учи како говорен јазик, што значи студентите да се служат со него активно, не само да го читаат и пишуваат, туку исто така и да слушаат и да го зборуваат правилно (reading, writing, hearing, speaking). Во некои колехи и универзитети ваквите обиди се во фаза на експеримент, на други тие се поразвиени и за нив се изработени и соодветни учебници, прирачници и софтверска поддршка[2]. Приврзаниците на ваквиот пристап во изучувањето се повикуваат и на фактот дека латинскиот со векови бил предаван како "жив" јазик, па повикуваат и на ревитализација на педагошки материјали кои успешно се користеле во минатото (средновековните и ренесансните colloquia).

Од онаа страна на Атлантикот ни доаѓа уште еден инспиративен концепт на т.н. "Michigan Latin". Студентите на овој Универзитет учат техники за "читање латински со очекувања" (reading Latin with expectations) и овој пристап е интегриран и во нивниот учебник *Latin for Reading*.

Се разбира, постојат многу други примери на успешни и помалку успешни обиди за примена на одредени педагошки техники, интерактивни методи и различни пристапи во наставата по латински.

II Во денешно време никој веќе не би се осмелил да помисли дека изучувањето на класиката, па и изучувањето на латинскиот јазик, може да продолжи да се развива и да опстои изолирано од новите информатички технологии. Веќе се навикнавме светската мрежа (www) да ја гледаме како најголема "библиотека" на светот во која можеме да посегнеме и да пронајдеме многу повеќе одошто сме имале намера да бараме; Интернетот нуди можности за предавање традиционални предмети на нетрадиционален начин, а различните софтверски програми "се закануваат" да ги заменат ученичките тетратки. Ќе се послужам со еден цитат од Michael Fontaine од Amherst college, кој вели: "Во последните неколку години, бројот на електронски извори од областа на класичната филологија нараснa како габи после дожд, па така сега ние класичните филолози имаме на располагање бројни средства за истражување. Овие извори опфаќаат електронски бази на класични текстови, достапни на интернет или во CD формат; електронски речници со алтаки за пребарување; пристап до каталозите и картотеките на најголемите светски библиотеки; дигитални банки на слики од секаков вид и дигитални верзии на научни трудови за класиката. Голем број од овие извори се со висок научен квалитет. Покрај овие високо професионални извори, сепак, постојат и некои веб страници посветени на латинскиот јазик на кои се нуди волонтерска помош во учењето на јазикот, комуникација со други заинтересирани лица или речиси бескрајни листи на врски со други страници со слични содржини. Овие интернет страници можат да бидат и се со многу различен квалитет."[3]

Користењето на новите компјутерски и технолошки ресурси во наставата по латински јазик е неопходност. Тоа има свои предности (и за наставиот кадар, но и за студентите), но и одредени слабости (повторно и за едните и за другите).

Како прво, Internet skills се важни за нашите студенти (за нивно вработување, квалитет на животот итн.) без оглед на областа со која се занимаваат или на нивната идна професија. Internet skills треба да бидат застапени во курикулумот и тоа низ праксата (вежби) во различни области, а не да се учат одделно. Една од предностите на работата со Интернет и компјутеризираните вежби е 1. мотивирачкиот момент – бидејќи ваквиот начин на работа им е многу близок на младите генерации и може да им претставува задоволство, обезбедувајќи форми за вежбање помалку здодевни од оние традиционалните; 2. голема придобивка е и можноста за resource-based learning – поврзување на многу различни видови на ресурси, пристап до примарни извори, архивски материјали, бази на податоци и сл. со што се олеснува истражувањето или учењето; 3. лесно се воспоставува комуникација и соработка дури и на поголеми дистанци; 4. студентот или ученикот може сам да го одбере времето и местото за учење и истражување; 5. а може да го избере и начинот како да ги синтетизира или коментира информациите. Ние пак, као наставници, користејќи програми кои можат "да се симнат" (downloadable programs) можеме да креираме и сопствени вежби приспособувајќи ги на нашата целна група, а оние поамбициозните од нас можат да се зафатат и со дизајнирање интернет проекти и задачи.

Слабостите или тешкотиите врзани со употребата на Интернет во наставата или за самостојна работа на студентите понекогаш знаат да ни го загорчат животот, но не и да нѐ одвратат од намерата да го користиме: мораме да бидеме подготвени дека често ќе ни се случуваат проблеми со технологијата, дека нашите студенти/ученици не се најумешни во употребата на опремата и дека немаат сите на располагање своја опрема или непречен пристап до онаа во училиштето во секое време; времето потребно за подготовка на материјалите понекогаш може да ги пречекори нашите најлоши предвидувања и трпение; интернет страниците и софтверот се менуваат многу бргу, така што мораме често да ги обновуваме материјалите, но и нашите вештини; опремата е скапа; имаме потреба од помош на лице стручно за компјутерска технологија и информатика; дури и да располага нашата институција со квалитетна опрема – се случуваат прекини на мрежата, некомпатибилност со програмите, а брзиот развој на овие средства не оневозможува да го следиме со задоволително темпо.

Учењето на растојание (Distance learning) е многу слабо (или воопшто) застапено во нашиот регион, но тоа не не спречува да наведеме и добар пример за ваков вид курсеви по латински јазик. Таков е на пример Cambridge Online Latin Project или Cambridge School Classics Project. Иако се ова курсеви наменети за ученици од средно училиште, петгодишното позитивно искуство и постигнатите резултати можат да влијаат охрабрувачки и да послужат како идеја за слични курсеви на универзитетско ниво.

III Сепак, се чини дека е најдобра комбинацијата на педагошките и технолошките иновации, дека технологијата барем за сега е идеално дополнение на личниот контакт меѓу наставникот и студентот / ученикот и мора внимателно и целосно да се интегрира во структурата на курсот (да соодветствува на неговата содржина, цели и начин на оценување) за да даде резултати. Веќе постојат повеќе примери на добро обмислени курсеви по латински дизајнирани така што технологијата "се соединува со"

педагогијата, а инфоматичката технологија го поддржува наставникот да ги постигне специфичните цели на предметот и да ги оспособи студентите да станат компетентни и критични читатели на текстовите на римските автори.[4]

## Белешки:

[1] На пример, последната таква средба за која што сме информирани, а која се одржа од 22. 07. 05 до 24. 07. 05 беше Cambridge Latin Conference – Meeting the Challenge: European perspectives on the teaching of Classics.

[2] Како што е примерот на Институтот за студии по латински (Institute for Latin Studies) на Универзитетот во Кентаки.

[3] Fontaine, Michael: Review on Roberto Danese, Andrea Bacianini and Alessio Torino, *Tra "volumen" e byte: per una...*, Rimini: Guaraldi, 2003 in Bryn Mawr Classical Review 2003. 09. 48.

[4] Мислам дека на сите ни се познати веќе широко прифатените The Cambridge Latin Course и The Oxford Latin Course кои се навистина добро обмислени, добро конструирани и добро поддржани програми. Заслужува внимание и комплетно разработениот курс по латински Lingva Latina per se illustrata на Hans Orberg.